ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-38/30
Дата, Data 25-01-2021
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 21 од Законот за работни односи, член 37-м од Законот за јавни претпријатија, член 33 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавните услуги и член 31 став 1 точка 9 од Статутот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, а врз основа на Јавнот оглас бр.7/2020 година за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III и подгрупа V во ЈП Вопдовод и канализација – Скопје на неопределено време објавен во дневните весници Нова Македонија, Коха и Слободен печат, директорот на претпријатието донесе

**ОДЛУКА**

за избор на кандидат за склучување
Договор за вработување на неопределено време

**Член 1**

Од пријавените кандидати по Јавниот оглас објавен во дневните весници „Нова Македонија", „Коха" и Слободен печат на ден 28.12.2020 година, за засновање на работен однос на 1 (еден) извршител на работно место КДР0305Б02052 Оператор на пумпна станица (питка вода), во Одделение за експлоатација на капацитети, во Сектор Експлоатација и одржување на капацитети, се избира кандидатот:

1. **Виктор Богдановски**

**Член 2**

Изборот меѓу пријавените кандидати е извршен во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Водовод и канализација – Скопје, Записникот од спроведената административна селекција од страна на Комисијата за селекција на кандидати арх. Бр.0401-30/23 од 20.01.2021 година, и Записникот од извршената селекција од страна на Комисијата за селекција на кандидати арх.бр.0401-30/36 од 22.01.2021 година, по Јавен оглас бр.7/2020 за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III и подгрупа V во ЈП Водовод и канализација - Скопје на неопределено време.

**Член 3**

Избраниот кандидат ќе заснова работен однос на ден 01.02.2021 година со потпишување на Договор за вработување помеѓу работникот и работодавачот.

**Член 4**

Одлуката за избор да се достави до кандидатите и да се објави на интернет страницата и на огласна табла на претпријатието.

**Член 5**

За спроведување на одлуката се задолжува Сектор Човечки ресурси.

О б р а з л о ж е н и е

Со одлуката арх.бр.0401-10565/1 од 25.12.2020 година донесена од директорот на ЈП Водовод и канализација – Скопје распишан е Јавен оглас бр.07/2020 за прием на даватели на јавна услуга на неопределено време за работно место КДР0305Б02052 Оператор на пумпна станица (питка вода), во Одделение за експлоатација на капацитети, во Сектор Експлоатација и одржување на капацитети.

Јавниот оглас бр.07/2020 беше објавен на ден 28.12.2020 година во дневните весници Нова Македонија, Коха и Слободен печат.

Комисијата за селекција на кандидати по јавниот оглас бр.07/2020 за вработување на даватели на јавна услуга на неопределено време на ден 20.01.2021 година изврши административна селекција на документите од кандидатите кои аплицирале при што констатира дека на јавниот оглас бр.07/2020 за вработување на даватели на јавна услуга за работното место КДР0305Б02052 Оператор на пумпна станица (питка вода), во Одделение за експлоатација на капацитети, во Сектор Експлоатација и одржување на капацитети за 1 (еден) извршител се пријавиле вкупно 1 (еден) кандидат.

Комисијата од кога ги разгледа документите од кандидатот Виктор Богдановски кој аплицирал, ја изврши административната селекција и утврди дека апликацијата бр.0401-30/4 од 04.01.2021 година е уредна.

По спроведено интервју со кандидатот кој ги исполнува условите предвидени со јавниот оглас, комисијата за селекција на кандидати изготви Записник арх.бр.0401-30/36 од 22.01.2021 година со конечна ранг листа со име и презиме на кандидати со освоени вкупно бодови од сите фази на селекција и му предложи на директорот, согласно член 21 од Законот за работни односи, член 37-м од Законот за јавни претпријатија и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавните услуги, а врз основа на Јавниот оглас бр.7/2020 за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејност и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од група III и подгрупа 5 во ЈП Водовод и канализација -Скопје на неопределено време објавен на ден 28.12.2020 година во дневните весници Нова Македонија, Коха и Слободен Печат, да донесе одлука со која за склучување договор за вработување за работно место КДР0305Б02052 Оператор на пумпна станица (питка вода), во Одделение за експлоатација на капацитети, во Сектор Експлоатација и одржување на капацитети, ќе го избере кандидатот Виктор Богдановски.

Врз основа на горенаведеното, се донесе одлука како во депозитивот.

**Правна поука:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација- Скопје, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката.

ДОСТАВЕНО ДО
- Кандидатите
- Сектор човечки ресурси х 2
- Архива на директор
- Архива

ЈП Водовод и канализација -Скопје
Директор,
м-р Душко Весковски